

Роденденот го славел дома, со пријатели

# Александар Белов 24 часа славеше роденден

ПОП-ПЕЈАЧОТ НАПОЛНИ 25 ГОДИНИ

Поп-пејачот Александар Белов, завчера, 24 часа го славел својот 25. роденден. Тој вели дека роденденот го поминал дома и дека гостите му се менувале на час и половина.

- Први, веднаш по полноќ, беа моите фанови од социјалниот форум. Се појавија на врата со торта и со паричник полн со пари, оти не се подарувало празен. Утредента ме разбудија новинари со нова торта, а потоа дојдоа други пријатели. Вечерта ја завршив со другари и со машко-женско друштво.

Во оваа група гости беше и мојата девојка Елена, која нема да ја откријам, бидејќи заедно сме само два-три месеци и сметам дека сé уште е рано да зборувам за нашата врска. Од неа го добив омилениот парфем, но ми рече дека тоа е само првиот дел од подарокот, бидејќи за Денот на вљубените ќе сум го добиел комплетниот подарок. Затоа, со душа чекам да дојде 14 февруари - вели Белов. ***(В.М.)***

## Сајтот на РТС објави текст за "Златна бубамара"

Сајтот на српската национална телевизија РТС објави текст за манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", со наслов "Повик за смеење". Годинава, "Златна бубамара" го слави својот 15. роденден и ќе се одржи на 23 февруари, во Универзалната сала. По тој повод, се подготвува монографија за шоуто. Датумот на промоцијата е први мај, Денот на трудот.

Годинешно мото на манифестацијата е "Дојди, охрабри се и слободно насмеј се". Единствено е познато дека наградата за животно дело ја добива Зоран Георгиев, кој на Фестивалот на забавна музика во Опатија, во 1962 година, ја испеа легендарната "Еден бакнеж".

Билетите се во продажба по цена од 750 и 1.000 денари. ***(М.Ц.)***



Награда за животно дело. - Зоран Георгиев